

Поимот **здравје** може да се дефинира како отсуство на болест, како способност организмот да се справи со секојдневните активности, или како физичка спремност и благосостојба. За секоја организам, здравје е стадиум на баланс во кој влезот и излезот на енергијата и материјата е во рамнотежа
.

Според СЗО (Светската Здравствена Организација) здравје е состојба на целосна физичка,психичка и соционална благосостојба, а не само отсуство на болест.

Меѓутоа денеска кога физичката активност е се помала , психичката оптеретеност се поголема а социјалната состојба се полоша тешко е да се одржи рамнотежата кај секој организам.



Болест е нарушување на рамнотежата на организмот, придружено со структурни и функционални измени во него.Предметот на медицината е настанувањето, развивањето, лечењето и профилактиката на болестите, секој дел од медицината изучува определен аспект на некоја група од болести.

Меѓуто Професор Пјер Роаје смета дека еден од крупните проблеми на современата медицин е појава на се поголем број болести предизвикани од лечење и лекови ,кои многу лекари секојдневно и рутински ги п репишуваат на пациентите.

Уште пред триесеина години Директорот на Медицинската служба во социјалното осигурување на Франција професорот доктор Жак Шарл Сурнија ја издаде книгата ,,Ра сипничка медицина и исфабрикувани болни
,,во која пишува дека француската медицина не само што е научна туку и дека се претворила во моќна индустрија. ,,Да ја земеме за пример автомобилската индустрија -вели Сурнија - за да функционира ,потребни се возачи,потребни се патишта,гориво,сообраќајна полиција и безброј други работи и услуги.Стотици илјади

запослени живеат од афтомобилската индустрија.

Исто е со здравјето. За да се зачува здравјето медицината е принудена се повеќе да произведува ,а болни пациенти е тоа што таа произведува. Болниците неможат да работат без болни. Лекарите мора да имаат пациенти , а фармацеутските фабрики - купувачи на лековите,,.